УНИВЕЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ

„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ СКОПЈЕ

**06**

**2013-2015**

Скопје, февруари 2019

Издание на Православниот богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ во Скопје

Првиот број на *Билтенот* е објавен како прилог кон број 5 на „Весник“ – Службен лист на Македонската православна црква – Охридска архиепископија

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Ѓоко ЃОРЃЕВСКИ, декан

Уредници: д-р Анета Јовковска, м-р Билјана Петковска

Умножено на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје

Тираж 3 примероци

ДО
НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ ПРИ
ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ
СКОПЈЕ

**РЕФЕРАТ**

**за избор на наставник во сите наставно–научни звања за предметите Свето писмо на Старнот завет – библиска историја со археологија и Свето писмо на Старнот завет – егзегеза на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје**

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во весникот „Вечер“ на 18 септември 2014 година, за избор на наставник во сите наставно–научни звања за предметите Свето писмо на Стариот завет – библиска историја со археологија и Свето писмо на Стариоот завет – егзегеза, Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет во Скопје, на својата 7 редовна седница одржана на 06.11.2014 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ацо Гиревски, претседател, проф. д-р Стефан Санџакоски, и проф. д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов, член.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавил еден кандидат; и тоа: проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, досегашен вонреден професор при Богословскиот факултет.

По направената анализа на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет на Богословскиот факултет во Скопје да го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. Биографски податоци за проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски**

Ѓорѓевски Душан Ѓоко е роден на 24 јули 1968 година во Скопје. По завршувањето на основното училиште, школувањето го продолжил во Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ - Драчево, Скопје (1982-1986), а богословското надградување го добива на Православниот богословски факултет "Свети Климент Охридски" во Скопје (1987-1991).

По три години поминати како професор во Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ - Драчево по предметите Стар Завет, Нов Завет, Црковнословенски јазик и др., се запишал на последипломски студии. После неколкумесечниот престој во Источниот институт во Регенсбург - Германија, магистерските студии ги продолжил на Теолошкиот фалултет - оддел Библиска теологија при Понтификалниот Универзитет „Грегоријана“ во Рим, Италија (1994-1996). Завршниот магистерски труд му бил изработен од областа на новозаветната егзегетика, на тема: „Исмејувањето и распнувањето на Христа во Евангелието според Матеј 27,27-37“. Потоа продолжил со докторски судии и

подготовка на дисертација, насловена како: „Прилог кон изучувањето на композицијата на Соломоновата збирка во книгата Соломонови изреки 10,1-22,16". Докторскиот труд го одбранил на истата катедра на Грегоријана во Рим, на 21 март 2000 година.

Во периодот од 1999 до 2001 година Ѓорѓевски повторно бил ангажиран како професор во Македонската православна богословија во Скопје. Од 1 март 2001 година бил избран во звањето предавач по предметите Свето писмо на Стариот завет - егзегетика и Библиска историја со археологија на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје. Подоцна од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот му се доделени и предметите Вовед во Светото писмо на Стариот завет и Црковнословенски јазик. Во 2004 година е избран за доцент, а во април 2008 година за вонреден професор.

Од 2000 до 2009 година бил ангажиран и во Кабинетот на Архиепископот како Шеф на Архиепископскиот Кабинет.

Од 15 февруари 2010 година до 15 февруари 2014 година ја извршувал функцијата вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија при Светата Столица, по којашто повторно ја презел должноста на Православниот богословски факултет како професор по предметите Свето писмо на Стариот завет – егзегеза и Библиска историја со археологија.

Од областа на библистиката, покрај партиципирањето на повеќе меѓународни конференции, значајно е да се забележи и неговото учеството при подготовката на последното ревидирано издание на Светото писмо на македонски јазик, како и при редактирањето на текстот на Богослужбеното евангелие.

Од 2000 година бил член на Советот на Македонскиот центар за меѓународна соработка, а од 2009 е член на Управниот одбор. Во периодот од 2003 до 2006 е главен и одговорен уредник на списанието *Православен пат*.

## 2. Наставно-образовна дејност

На првиот циклус студии проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски од летниот семестар 2008 до крајот на 2009 година (4 семестри) реализирал предавања по 10 часа неделно (Библиска историја со археологија 2 часа, Свето писмо Стар завет – егзегеза 2 часа, Вовед во Светото писмо на Стариот завет 2 часа и Црковнословенски јазик 4 часа). За време на летниот семестар од 2013/2014 година биле одржани 8 часа неделно (Библиска историја со археологија 4 часа).

*Одржување на вежби.* Од летниот семестар 2008 до крајот на 2009 година (4 семестри) одржувал вежби по 4 часа неделно (Библиска историја со археологија 1 час, Свето писмо Стар завет – егзегеза 2 часа и Црковно–словенски јазик 1 час). За време на летниот семестар од 2013/2014 година одржувал 2 часа неделно (Свето Писмо Стар завет – егзегеза 2 часа).

*Напишал и рецензирал универзитетски учебници:* проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски е автор на учебникот„Старозаветна исагогика, Вовед во Светото писмо на Стариот завет" издаден во 2008 година; на учебникот „Пентатеух, Толкување на Мојсеевото Петтокнижие" издаден во 2009 година, а ги рецензирал учебниците: Пастирско богословие од проф. д-р Ацо Гиревски, Скопје 2011; Блаженствата – небоземни скалила од проф. д-р Ратомир Грозданоски; Толкување на Посланието на св. ап. Павле до Римјаните од проф. д-р Ратомир Грозданоски; „Вовед во Светото Писмо на Новиот Завет-посебен дел", Скопје 2008.

*Менторска настава.* Проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски досега бил ментор на дипломски трудови; бил член на Комисија на одбрана на дипломски трудови, како и член на Комисија за одбрана на докторски труд.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти – докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, број 274 од 31 декември 2013 година) проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски од областа на наставноистражувачката дејност остварил вкупно 67,2 и со тоа го надминал лимитот кој е неопходен за избор во звањето редовен професор.

**3. Научно истражувачка дејност**

Во делот на научно-истражувачката работа во изминатиот период, проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, перманентно ја зголемува својата научна љубопитност за дисциплините за кои е избран во звањето вонреден професор и континуирано го продлабочува својот научно-истражувачки интерес.

*Тој бил член на Меѓународен проект* - Научно-истражувачки колегиум Biblica et Patristica од 2009 иницијатива на Великотърновски Университет "Св. св. Кирил и Методий"- Бугарија; член на Меѓународен научно-истражувачки проект од 2009 на иницијатива на Богословскиот Факултет при Универзитет "1 Декември 1918"- Алба Јулија, Романија; член на Società internazionale per lo studio della Retorica Biblica e Semitica, 2006-2013; International Visitor Leadership Program (US Department of State), Religious life and public sphere, USA, 2009.

*Учесник во национален научен проект*: ревидирање на текстот на богослужбеното евангелие, 2002-2009 (Проект на Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна црква); координатор на членовите на комисијата за подготовка на нов превод на Светото писмо на Новиот завет 2014- (Проект на Библиското здружение на Р. Македонија).

*Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание:* "Fostering the Culture of Interfaith Dialog –Macedonian Experience" Crossroads 2 (2009/10) 87-93; "Повикување на Еремија во пророчка служба", Годишен зборник на Богословскиот факултет "Св. Климент Охридски", 19 (2013) 25-42; Трудови објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир; „Морето во псалмите", Библията и морето, Collegium biblicum, 2009 Несебар, Бугарија; „Защото у Тебе е изворът на живота (Пс. 5:10/36:10)" во Изворът на живота, Collegium biblicum, София 2012; „Екуменската димензија на делото на сесловенските просветители светите Кирил и Методиј", Зборник од Меѓународниот научен собир „Кирилометодиевската традиција и македонско-руските културни и духовни врски" Охрид, 3 - 4 октомври 2013, Скопје 2014, 287-292; Учество на научен/стручен собир „Религиозни слободи и дијалог", април 2008, Скопје; "Social Theology in the Orthodox Church", 20 November 2008, Berlin, Germany; „Библията и морето", 6-7 декември 2008, Несебар, Бугарија; "Retorica semitica e oltre", Понтификален Универзитет Грегоријана, 27 - 29 септември 2010, Рим, Италија; Конференција „Chiara Lubich: un carisma, una vita per l'unità dei cristiani", Giornata ecumenica internazionale - Trento, 12 marzo 2011; Форум на верските лидери во Република Македонија по повод отворањето на Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје 9 март 2011; "Libertà e Sicurezza nel panorama interno ed europeo". 10 јуни 2011, Казерта, Италија; „Меѓусебното разбирање и толеранција во Македонија како основен фундамент за следните 20 години" 15 септември 2011 Скопје; Меѓународниот научен собир „Кирилометодиевската традиција и македонско-руските културни и духовни врски" Охрид, 3 - 4 октомври 2013, Скопје 2014; „Верата на лидер кој и служи на нацијата" по повод 10-годишнината од трагичната смрт на поранешниот претседател Борис Трајковски, Скопје 25 февруари 2014; Национален семинар на

тема "Сузбивање на насилниот екстремизам и радикализам кој води кон тероризмот (НЕРТ)", 25-26 јуни 2014, Скопје; Ментор на докторска дисертација;

Ментор на докторската дисертација на Неговото Преосвештенство, епископот Херајлејски г. Климент.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти – докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, број 274 од 31 декември 2013 година) проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски од областа на наставноистражувачката дејност остварил вкупно 50 и со тоа го надминал лимитот кој е неопходен за избор во звањето редовен професор.

## 4. Стручно-апликативна дејност

Во периодот од изборот на вонреден професор д-р Ѓоко Ѓорѓевски, се стекнал со авторство на одредница во речник или енциклопедија "Macedonia" in Worldmark Encyclopedia of Religious Practices, Second Edition, Gale, 2013; членство на меѓународна жири-комисија на Проект од Министерството за култура за изградба на црква на плоштадот Македонија - 2008; а учествувал во експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија; бил претеник на Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква на завршниот матурски испит во Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски", 2-14 јуни 2004 1; ја превел книгата „Прилог кон проучувањето на Соломоновата збирка од книгата Соломонови изреки (10,1-22,16)", Скопје, превод на Enigma degli enigmi. Un contributo alla composizione della raccolta Salomonica Proverbi 10,1-22,16, Roma 2001; превел едно поглавје во книгата „Беседа за една кротка душа" во монографијата Спомен-куќа на Мајка Тереза, Скопје 2011; Рецензент е на учебник за средно или основно образование со наслов: „Евагелска катихеза" од м-р Петко Златески и д-р Валентина Крстевска, Скопје 2014.

**Дејности од поширок интерес:** Проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски е член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир; Член на организациониот одбор: Second World Conference on Dialogue among Religions and Civilizations: "Religion and Culture: Substantial Relation among Nations" 6-8 May 2010, Ohrid, Macedonia; Член на организациониот одбор: Third World Conference on Dialogue among Religions and Civilizations: "Freedom and Dignity - Fundamental Values" 10-12 May 2013, Skopje, Macedonia.

*Учество во комисии и тела на државни и други органи:* бил член на УО на Македонскиот центар за меѓународна соработка од 2009; денес е заменик-претставник на Македонската православна црква во Националниот совет за евроинтеграции при Собранието на РМ 2008-2009 и 2014-.

*Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание*: бил член на уредувачкиот одбор на Годишниот зборник на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски"- Скопје, 2008-2011; член на комисија за избор во звање; член на комисија во избор на звање – асистенти Глигоров Георгиј, Ѓурѓиноски Николче, Анев Дарко.

*Студиски престој во странство до три месеци:* Religious life and public sphere, Washington – Seattle – Atlanta – Pittsburgh - New York, USA, 31.01-21.02.2009.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти – докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски

гласник, број 274 од 31 декември 2013 година) проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски од областа на наставноистражувачката дејност остварил вкупно 14,9 и со тоа го надминал лимитот кој е неопходен за избор во звањето редовен професор.

ВКУПНО ПОЕНИ: 132,1

ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Врз основа на пристигнатите материјали од конкурсот и нивното разгледување, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека кандидатот проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски ги исполнува општите и посебните услови од конкурсот. Врз основа на квалитативната и на квантитативната прегледност на пристигнатите трудови, Комисијата констатира дека проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски ги има исполнето и посебните услови, објавувајќи научноистражувачки трудови од соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации, има раководено со научноистражувачки проект, додека во однос на оспособувањето на помлади наставници бележи значителни резултати.

Членовите на Рецензентската комисија позитивно ја оценуваат целокупната наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликатвна дејност на проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски. Неговите истражувања се одликуваат со високи научни стандарди и оригиналност, особено во сферата на Библистиката и Старозаветната егзегеза и претставуваат вистински придонес како во нашата наука така и пошироко. Треба да се потенцира дека проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски успешно ја реализирал наставата на соодветните предмети на првиот циклус, а обврските ги вршел одговорно, стручно и професионално, покажувајќи способност за сите видови високообразовна дејност, а добил и позитивна оценка 9,5 од спроведената анкета на студентите при самоевалуацијата.

Врз основа на изнесеното членовите на рецензентската комисија имаат особена чест на Наставно-научниот совет при Православниот богословски факултет во Скопје да му предложат избор на проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски во звањето редовен професор по научните области (дисциплини): Свето писмо на Стариот завет – библиска историја со археологија и Свето писмо на Стариот завет – егзегеза.

**Членови на комисијата:**

1. Проф. д-р Ацо Гиревски, протопрезвитер, претседател
2 Проф. д-р Стефан Санџакоски, протојереј, член
3. Проф. д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов, член

# ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Ѓоко Душан Ѓорѓевски
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје
(назив на факултет/институт)
**Научна област:** Теологија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Од летниот семестар 2008 до крајот на 2009 година (4 семестри) одржувани се предавања по 10 часа неделно (Библиска историја со археологија 2 часа, Свето Писмо Стар завет – егзегеза 2 часа, Вовед во Светото Писмо на Стариот завет 2 часа и Црковно-словенски јазик 4 часа), што значи дека бодирањето е 4*10*15*0,04=24 поени. За време на летниот семестар од 2013/2014 година одржани се 8 часа неделно (Библиска историја со археологија 4 часа, Свето писмо Стар завет – егзегеза 2 часа и Црковно-словенски јазик 2 часа), што значи дека бодирањето е 8*15*0,04=4,8 поени. Вкупниот број поени е: 24+4,8=28,8 | 28,8 |
| 2. | **Одржување на вежби** | |
| | Од летниот семестар 2008 до крајот на 2009 година (4 семестри) одржувани се вежби по 4 часа неделно (Библиска историја со археологија 1 час, Свето Писмо Стар завет – егзегеза 2 часа и Црковно-словенски јазик 1 час), што значи дека бодирањето е 4*4*15*0,03=7,2 поени. За време на летниот семестар од 2013/2014 година одржани се 2 часа неделно (Свето Писмо Стар завет – егзегеза 2 часа), што значи дека бодирањето е 2*15*0,03=0,9 поени. Вкупниот број поени е: 7,2+0,9=8,1 | 8,1 |
| 3. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | |
| | 1. Автор на учебникот „Старозаветна исагогика, Вовед во Светото писмо на Стариот завет" издаден во 2008 година | 8 |
| | 2. Автор на учебникот „Пентатеух, Толкување на Мојсеевото Петокнижие" издаден во 2009 година | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | **Рецензија на универзитетски учебник** | 1 |
| | 1. Рецензија на делото *Пастирско богословие* од проф. д-р Ацо Гиревски, Скопје 2011. | 1 |
| | 2. Рецензија на делото *Блаженствата – небоземни скалила* од проф. д-р Ратомир Грозданоски | 1 |
| | 3. Рецензија на делото *Толкување на Посланието на св. ап. Павле до Римјаните* од проф. д-р Ратомир Грозданоски. | 1 |
| | 4. Рецензија на делото „Вовед во Светото Писмо на Новиот Завет-посебен дел", Скопје 2008 | |
| **5.** | **Менторска настава** | 2,2 |
| | 1. Ментор на дипломска работа 11*0,2 | 4,2 |
| | 2. Член на Комисија на одбрана на дипломски труд 42*0,1 | 0,5 |
| | 3. Член на Комисија за одбрана на докторски труд | 3,4 |
| **6.** | **Консултации со студенти** | **67,2** |
| | **Вкупно** | |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Учесник во меѓународен научен проект** | 5 |
| | 1. Член на Меѓународен проект - Научно-истражувачки колегиум *Biblica et Patristica* од 2009 иницијатива на Великотърновски Университет "Св. св. Кирил и Методий"- Бугарија | 5 |
| | 2. Член на Меѓународен научно-истражувачки проект од 2009 на иницијатива на Богословскиот Факултет при Универзитет "1 Декември 1918"- Алба Јулија, Романија | 5 |
| | 3. Член на Società internazionale per lo studio della Retorica Biblica e Semitica, 2006-2013 | 5 |
| | 4. International Visitor Leadership Program (US Department of State), Religious life and public sphere, USA, 2009 | |
| **2** | **Учесник во национален научен проект** | 3 |
| | 1. Член на поектот: ревидирање на текстот на богослужбеното евангелие, 2002-2009 (Проект на Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна црква). | 3 |
| | 1. Координатор на членовите на комисијата за подготовка на нов превод на Светото писмо на Новиот завет 2014-. (Проект на Библиското зружение на Р. Македонија) | |

| | | |
|---|---|---|
| **3** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| | 1. "Fostering the Culture of Interfaith Dialog –Macedonian Experience" *Crossroads* 2 (2009/10) 87-93. | 2 |
| | 2. "Повикување на Еремија во пророчка служба", Годишен зборник на Богословскиот факултет "Св. Климент Охридски", 19 (2013) 25-42. | 2 |
| **4** | **Трудови објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 1 | 1. „Морето во псалмите", *Библията и морето*, Collegium biblicum, 2009 Несебар, Бугарија | 2 |
| 2 | 2. Защото у Тебе е изворът на живота (Пс. 5:10/36:10)" во *Изворът на живота*, Collegium biblicum, София 2012. | 2 |
| 3 | 3. „Екуменската димензија на делото на сесловенските просветители светите Кирил и Методиј", Зборник од Меѓународниот научен собир „Кирилометодиевската традиција и македонско-руските културни и духовни врски"Охрид, 3 - 4 октомври 2013, Скопје 2014, 287-292. | 2 |
| **5** | **Учество на научен/стручен собир** | |
| | 1. „Религиозни слободи и дијалог", 8 април 2008, Скопје | 1 |
| | 2. "Social Theology in the Orthodox Church", 20 November 2008, Berlin, Germany | 1 |
| | 3. „Библията и морето", 6-7 декември 2008, Несебар, Бугарија | 1 |
| | 4. "Retorica semitica e oltre", Понтификален Универзитет Грегоријана, 27 - 29 септември 2010, Рим, Италија | 1 |
| | 5. Конференција „Chiara Lubich: un carisma, una vita per l'unità dei cristiani", Giornata ecumenica internazionale - Trento, 12 marzo 2011. | 1 |
| | 6. Форум на верските лидери во Република Македонија по повод отворањето на Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје 9.03. 2011 | 1 |
| | 7. "Libertà e Sicurezza nel panorama interno ed europeo". 10 јуни 2011, Казерта, Италија | 1 |
| | 8. „Меѓусебното разбирање и толеранција во Македонија како основен фундамент за следните 20 години" 15.09.2011 Скопје | 1 |
| | 9. Меѓународниот научен собир „Кирилометодиевската традиција и македонско-руските културни и духовни врски"Охрид, 3 - 4 октомври 2013, Скопје 2014 | 1 |
| | 10. „Верата на лидер кој и служи на нацијата" по повод 10-годишнината од трагичната смрт на поранешниот претседател Борис Трајковски, Скопје 25.02.2014 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 11. Национален семинар на тема "Сузбивање на насилниот екстремизам и радикализам кој води кон тероризмот (НЕРТ)", 25-26 јуни 2014, Скопје | 1 |
| **6.** | **Ментор на докторска дисертација** | |
| | Ментор на докторската дисертација на Неговото Преосвештенство, епископот Херајлејски г. Климент | 3 |
| | **Вкупно** | 50 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Авторство на одредница во речник или енциклопедија** | |
| | "Macedonia" in *Worldmark Encyclopedia of Religious Practices*, Second Edition, Gale, 2013 (39.082*0,05) | 0,8 |
| **2.** | **Член на меѓународна жири-комисија** | |
| | Член на Меѓународната комисија на Проект од Министерството за култура за изградба на црква на плоштадот Македонија - 2008 | 2 |
| **3.** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија** | |
| | Пратеник на Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква на завршниот матурски испит во Македонскта Православна Богословија „Свети Климент Охридски", 2-14 јуни 2004 | 1 |
| **4.** | **Превод на книга** | |
| | Прилог кон проучувањето на Соломоновата збирка од книгата Соломонови изреки (10,1-22,16), Скопје, превод на Enigma degli enigmi. Un contributo alla composizione della raccolta Salomonica Proverbi 10,1-22,16, Roma 2001 | 3 |
| **5.** | **Поглавје во книга** | |
| | „Беседа за една кротка душа" во монографијата *Спомен-куќа на Мајка Тереза*, Скопје 2011. | 2 |
| **6.** | **Рецензент на учебник за средно или основно образование** | |
| | Рецензија на делото *Евагелска катихеза* од м-р Петко Златески и д-р Валентина Крстевска, Скопје 2014. | 0,5 |
| | **Вкупно** | **9,3** |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| | 1. Член на организациониот одбор: Second World Conference on Dialogue among Religions and Civilizations: "Religion and Culture: Substantial Relation among Nations" 6-8 May 2010, Ohrid, Macedonia | 1 |
| | 2. Член на организациониот одбор: Third World Conference on Dialogue among Religions and Civilizations: "Freedom and Dignity - Fundamental Values" 10-12 May 2013, Skopje, Macedonia | 1 |
| 2. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | 1. Член на УО на Македонскиот центар за меѓународна соработка од 2009 | 1 |
| | 2. Заменик-претставник на Македонската православна црква во Националниот совет за евроинтеграции при Собранието на РМ 2008-2009 и 2014- | 1 |
| 3. | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание** | |
| | Член на уредувачкиот одбор на Годишниот зборник на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски"- Скопје, 2008-2011 | 0,5 |
| 4. | **Член на комисија за избор во звање** | |
| | Член на комисија во избор на звање – асистенти Глигоров Георгиј, Ѓурѓиноски Николче, Анев Дарко | 0,6 |
| 5. | **Студиски престој во странство до три месеци** | |
| | Religious life and public sphere, Washington – Seattle – Atlanta – Pittsburgh - New York, USA, 31.01-21.02.2009 | 0,5 |
| | **Вкупно** | **5,6** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 67,2 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 50 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 9,3 |
| ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | 5,6 |
| **Вкупно** | 132,1 |